Врз основа на член 61 и член 65 од Законот за животна средина (Сл.весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13 ,187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и член 3 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/13), и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓ.Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.13/14),Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров-Скопје **донесе:**

# ОДЛУКА

## За организирање на Јавен увид и Јавна расправа по Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на влијание врз животната средина на Урбанистички План за Ново Село, Општина Ѓорче Петров-Скопје

**член1**

Со оваа одлука се организира **Јавен увид и Јавна расправа по Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на влијание врз животната средина на Урбанистички План за Ново Село, Општина Ѓорче Петров-Скопје, а врз основа на Одлука за спроведување на стратегиска оцена на влијание врз животната средина донесена од Градоначалник** број **25- 2172/1 од 26.07.2017год.**

**член2**

Известувањето за организирање на **Јавен увид и Јавна расправа** ќе биде објавено во Јавното гласило **„Вечер"** и на веб сајтот на Општина Ѓорче Петров **www.opstinagpetrov.gov.mk.bo рок од пет работни дена од донесување на оваа Одлука.**

**член3**

**Заинтересираната јавност , невладини организации , граѓани и правни лица, можат да достават свои мислења до општината во рок од 30 дена** од денот на објавување на Известувањето во јавното гласило и објавата на Извештајот на веб страната на општината.

**член4**

**Јавна расправа** ќе се одржи во просториите на општина Ѓорче Петров (сала за состаноци) на ул.Ѓорче Петров бр.73, Скопје

**член6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Број** 09-2951/1
16.08. **2018 година**
**Скопје**

**Општина Ѓорче Петров**
**Градоначалник,**
**Александар Наумоски**

Република Македонија Општина Ѓорче Петров Скопје